Фото: Игор Банскoлиев



# Враќањето на Мазев, Мартиноски, Личеноски... е историски настан



*Дневен весник (Ед. бр. 23922)*

**ЛИК**

07.12.2016 12:05

478



Ангелина Димоска
angelina.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Враќањето на овие дела е исклучително значајно и некои од историчарите на уметност сметаат дека најважно ќе биде тие своето место, по поставката во „Мала станица“, да го најдат меѓу музејските збирки. Станува збор за исклучителни дела од македонски сликари што треба да ѝ бидат достапни на пошироката јавност, наместо да бидат депонирани во институции каде што нема да имаат соодветна заштита и публика**

Дела од најпознатите македонски автори заслужни за развојот на македонската модерна уметност во 20 век, како Личеноски, Мартиноски, Коџоман и Мазев, се меѓу 46-те платна од наши автори наследени во процесот на сукцесија на поранешна СФРЈ, кои во саботата беа првпат изложени во „Мала станица“.

Овие дела претставуваат еден поголем дел од уметничките слики од македонски автори преземени како движен

имот во сукцесијата.
- Патот дотука не беше воопшто лесен. Нашите дела од македонски автори што ги красеа ѕидовите на амбасадите и на конзулатите низ светот, беа далеку од својата матична земја и недостапни за пошироката јавност. Токму затоа, тоа што успеавме да ги вратиме назад е голема работа, бидејќи станува збор за ремек-дела на македонската уметност што ќе го збогатат културното наследство на нашата земја - истакна Никола Поповски, министер за надворешни работи на отворањето на изложбата.

И директорката на Националната галерија на Македонија, Дита Старова-Ќазими, истакна дека станува збор за настан од историско значење за Македонија, македонската култура и особено за ликовната уметност.
- Нашите дела од наши македонски автори со години ги украсувале просториите на амбасадите, конзулатите и мисиите на СФРЈ, а подоцна и на бившите југословенски републики, недостапни за пошироката јавност, секоја на различна дестинација далеку од матичната Македонија. Овие 46 дела се донесени од над 20 различни држави, некои од нив пропатуваа од најдалечните Мексико, Каракас, Перу, Токио, Њујорк, за конечно овој ден повторно да се најдат тука во Македонија каде што и припаѓаат.

Ова се дела на наши автори - Мартиноски, Личеноски, Коџоман, Мазев, Чемерски и многубројни други чија работа оставила голема трага во македонската култура, создадени во периодот по Втората светска војна, дела што досега не биле изложени за широката културна јавност, дела што ќе го збогатат културното наследство на Македонија - рече Старова-Ќазими.
Според директорот на Управата за културно наследство, Виктор Лилчиќ, изложбата е финале на една моќна ликовна мисија, која ја нарече „Боите на Македонија“, а за која според него најзаслужни се Министерството за надворешни работи и Министерството за култура како и другите институции вклучени во процесот на сукцесија на заедничкото југословенско наследство.

- Денес кога се навршуваат 25 години од осамостојувањето се собравме тука да го поздравиме финалето на една моќна ликовна мисија. Мисијата почна во рамките на поранешна СФРЈ, кога од голем дел од платната на нашите македонски ликовни витези, легендарните Мартиноски, Личеноски, Коџоман, Хаџи-Бошков, Куновски и уште многу други маѓепсници на трансформацијата на животот во уметност ги красеа ѕидовите на југословенските амбасади, конзулати и мисии. Нивните дела беа изложени во амбасадите и во конзулатите во Лондон, Париз, Мадрид, Токио, Њу Делхи, како и во УНЕСКО и ОН во Њујорк - истакна Лилчиќ.
Како што истакна, вратен е скапоцен дел од нас, од нашата историја на уметност.
- Со враќањето е овозможено 46-те македонски врвни уметничко-цивилизациски блесоци да ја завршат далечната мисија и од денес да почнат нова мисија, тука од РМ. Тоа е мисија за дополнување и јакнење на постојниот матичен ликовен фонд, мисија за зајакнување на нашето современо цивилизациско зрачење во регионот и кон светот - рече Лилчиќ.

Враќањето на овие дела е исклучително значајно и повеќето од историчарите на уметност сметаат дека најважно ќе биде тие своето место, по поставката во „Мала станица“, да го најдат меѓу музејските збирки. Станува збор за исклучителни дела од македонски сликари што треба да ѝ бидат достапни на пошироката јавност, наместо да бидат депонирани во институции каде што нема да имаат соодветна заштита и публика. Сликите беа заробени во бавната сукцесивна постапка од распадот на Југославија. Долго време се немаше ни увид за конечниот број дела, ниту, пак, нивната вредност беше проценета, откако медиумите во земјите што произлегоа од СФРЈ ги објавија деталните листи на нивни уметнички дела во 73-те некогашни амбасади. Хрватите пред повеќе години успеаја да направат изложба со тие дела, насловена „Културното богатство се враќа дома“. Српскиот весник „Блиц“, пак, во 2008 г. ја објави и вкупната вредност на уметнички слики што се наоѓаат во некои од поранешните амбасади. Вредноста на делата што се во Париз, на пример, беше проценета на 389.000 евра. Нешто помалку чинат сликите во Москва, а оние во Пекинг „тежат“ 247.000 евра.

Во решавањето на овој проблем македонската страна ја застапувале неколку историчари на уметност во различни периоди. Во зградите на дипломатските претставништва, покрај платна од експјугословенските автори, се наоѓаат и слики што амбасадорите ги добиле на подарок од уметници од земјите каде што се наоѓале претставништвата. Процесот се одвиваше сукцесивно, се документираа уметничките предмети од објектите и како што се собираше фотодокументацијата, се разгледуваа и се распределуваа делата. Изложбата во „Мала станица“ е конечниот резултат од целиот тој процес.






## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

Мазев Мартиноски Личеноски

## КОМЕНТАРИ

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)